Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

2707

Бр. 13-1856/6 од 11.05.2021 год.

( врска бр. 13-1501 од 2020 год.)

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј19 - Блок Ј19.04, предлог план, Градоначалникот на Општина Кисела Вода го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**за Детален урбанистички план за**
**Градска четврт Ј19- Блок Ј19.04, предлог план, Општина Кисела Вода**

**Време и место на одржување на јавна анкета**

Јавната анкета по Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј19-блок Ј19.04, Општина Кисела Вода - Скопје, предлог план, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

ЈАВНАТА АНКЕТА ЌЕ ТРАЕ ПОЧНУВАЈКИ ОД 19.05.2021 ДО 04.06.2021 ГОДИНА

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6),секој работен ден од 08:30-16:00 часот, како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

**Време и место на одржување на јавна презентација**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.05.2021 **(петок)**, во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, со почеток во 10:00 часот.

**Местоположба и површина на опфатот на планот**

Опфатот е со површина од11,08 ха.

Планскиот опфат по осовини на сообраќајници е:

- на северо-запад - границата се протега по осовината на серисната улица „С4" (ул.1520) и тоа од крстосницата со собирната ул.„Борис Трајковски" па во продолжение на ул. „С4" во должина од 275,36 м
- на север-исток – границата се протега по осовината на планираната собирна сообраќајница ул.„Борис Трајковски" и тоа од крстосницата со сервисната ул.„С4" (ул.1520) до крстосницата со сервисната ул.„С5" (ул.1315)
- На југозапад границата на опфатот се поклопува со границите на катастарските парцели 2315, 2314, 2371, 2519, 2518/1, 2501, 2502/7, 2502/2 и 6483

На југоисток границата се протега по осовината на сервисната улица „С5" (ул.„1315"), и тоа од крстосницата со собирната ул.„Борис Трајковски" па во продолжение на ул.„С5 " во должина од 311, 50м.

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Филип Темелковски